СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

# Информации за стопанската соработка меѓу

# Република Македонија
# и
# Република Србија

Јули 2012 год.

## Економска соработка помеѓу
## Република Македонија и Република Србија

Надворешно трговската размена меѓу Република Македонија и Република Србија се одвива согласно Договорот за изменување и пристапување кон Централно-европскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА), сл.весник (69/2007), ратификуван од земјите потписнички на договорот (Република Хрватска, Република Албанија, Република Србија, УНМНИК/Косово, Република Црна Гора, Република Македонија и Босна и Херцеговина, и Молдова).

### Обем на трговската размена на
### Република Македонија со Република Србија
### во 01-05.2012 година

во ооо.САД$

| ВКУПНО | СТРУКТУРА УЧЕСТВО ВО РМ | ИЗВОЗ | СТРУКТУРА УЧЕСТВО ВО РМ | УВОЗ | СТРУКТУРА УЧЕСТВО ВО РМ | БИЛАНС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 312 513 | 7,3 | 111 517 | 7,0 | 200 996 | 7,5 | -89 479 |

Вкупната трговска размена на Република Македонија со Република Србија во периодорот јануари – мај 2012 година достигна вредност од 312,5 милиони САД$ и учествува со 7,3% во вкупната трговска размена на земјата.

При тоа, остварен е извоз во вредност од 111,5 милиони САД$ со 7% учество во вкупниот извоз на РМ. Увозното салдо изнесува 201 милиони САД$ со учество од 7,5%. Евидентирано е негативно трговско салдо со дефицит од 89,5 милиони САД$.

Во посочениот период, Р.Србија е трет најважен партнер во надворешно-трговската размена на Македонија, зад Германија и Грција.

### Компаративен приказ на трговската размена
### во периодот јануари – декември 2011 година

| Вкупна размена | | | Извоз | | | Увоз | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2010 | 2011 | Индекс | 2010 | 2011 | Индекс | 2010 | 2011 | Индекс |
| 690.203.607 | 831.216.667 | 120,4 | 271.812.507 | 333.365.855 | 122,4 | 418.391.100 | 497.850.812 | 119,1 |

Компаративните податоци на билатералната размена со Србија укажуваат раст на вкупната размена од 20,4%, зголемување на извозот од 22,4% и на увозот од 19,1% во 2011 година.

### Структура на трговската размена по група на производи
### 01-12.2011 година

Во однос на структурата на производите, во периодот 01-11.2011 година, во **извозот** најголемо учество имаат:

- **Земјоделски и прехрамбени производи** во износ од 108,7 милиони САД$, од кои се издвојуваат: вино со 18 мил. САД$, домати 12,5 САД$, кобасици 6,9 САД$ и грозје со 8,5 САД$. (учество од 40% во вкупен извоз)
- **Цигари што содржат тутун** – 9,8 милиони САД$, (учество од 3.6%)
- **Нафтени масла** – 13 милиони САД$ (учество од 4,8%)
- **Обоена и црна металургија** (вклучително и производи од железо и челик) – 84,6 милиони САД$, (учество од 31.1%)
- **Лекови и козметика** – 19,7 милиони САД$, (учество од 7,2%)

**Во увозното салдо најголемо учество имаат :**

- **Земјоделски и прехрамбени производи** во износ од 139,9 милиони САД$, од кои се издвојуваат: пченка – 15 милиони САД$, пченично брашно – 9 милиони САД$ ; слатки, бисквити и пекарски производи 6.6 милиони САД$; шеќерна трска или друга репка – 9,7 милиони САД$, рафиниран шеќер 26,7 милиони САД$ ; вода минерална и газирана 13,2 милиони САД$, рафинирано масло – 13,6 милиони САД$, (учество од 33,5% во вкупен извоз)
- **Цигари што содржат тутун** – 6,6 милиони САД$,(учество од 1,6%)
- **Обоена и црна металургија** (вклучително и производи од железо и челик) – 50,5 милиони САД$ (учество од 12,1%)
- **Отпадоци од железо –** 26 милиони САД$, (учество од 6,2%)
- **Електрична енергија** – 35,6 милиони САД$, (учество од 8,5%)
- **Лекови и козметички препарати** -14,4 милиони САД$, (учество од 3,4%)
- **Хартија и картон** – 13,2 милиони САД$, (учество од 3,1%)

## Обем на трговската соработка со Република Србија *

Трговскиот биланс во последните години е осцилаторен, при што позитивна размена оствaруваме во периодот од 2004 до 2008 година, додека дефицит се бележи во последните две години.

*во милиони САД долари*

| | **2002** | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Извоз** | 246.4 | 273.8 | 347.5 | 459.5 | 542.9 | 639,4 | 934,7 | 337,6 | 271,8 |
| **Увоз** | 189.4 | 300.2 | 280.6 | 256.8 | 264.8 | 448,4 | 532,1 | 397,0 | 418,4 |
| **Вкупно** | 435.8 | 574 | 628.1 | 716.3 | 807.7 | 1.087,8 | 1.466,8 | 734,6 | 690,2 |
| **Суфицит/ Дефицит** | +57 | -26.4 | +66.9 | +202.7 | +278.1 | +191 | +402,6 | -59,4 | -146,6 |

* *Податоците за периодот од 2000-2006 година преземени од Државниот завод за статистика се однесуваат заедно за Србија, (вклучувајќи УНМНИК/Косово) и Црна Гора*

**Коридорот 10 приоритет за Македонија и за Србија**

Најголемите индустрии, поради светската економска криза, се селат покрај автопатот север - југ. Ова го прави довршувањето на Коридорот 10, кој ги поврзува Македонија и Србија, заеднички стратегиски интерес за двете земји. Ова е оцената на македонскиот вицепремиер за економски прашања, Владимир Пешевски, и неговиот српски колега Млаѓан Динкиќ на прес-конференција во Скопје (03.06.2010).

По минатогодишната рецесија поради кризата, двете земји полека ја подобруваат трговската размената и целосно ги почитуваат обврските од договорот ЦЕФТА за слободна трговија, посочија Пешевски и Динкиќ.
- И македонската и српската страна имаат интерес за комплетирање на Коридорот 10, кој е од особено стратегиско значење за Македонија. Во завршна фаза е затворањето на финансиската конструкција за целосно завршување на автопатот. Ако успееме целосно да го затвориме финансирањето годинава, до крај на 2013 година би требало да биде завршена работата од нашата страна - изјави Пешевски.
На српска страна почната е изградбата на Коридорот 10 кај Војводина, кој треба да биде готов до мај 2011 година, додека делницата од Лесковец до границата со Македонија ќе биде готова до 2012 година.

- Искуството на Србија во економската криза покажува дека најголемите индустриски гранки и од западна и од централна Европа се селат во местата покрај Коридорот 10. Комплетирањето на Коридорот 10 и во Србија и во Македонија ќе има значење не само за развој на сообраќајот туку и за развој на индустријата и за привлекување на што повеќе инвеститори - изјави Динкиќ.

Вицепремиерите за економски прашања воедно оценија дека Македонија и Србија релативно добро се соочиле со последиците од економската криза. Потврда за тоа, според Пешевски, е последната анализа на Европската банка за обнова и развој во која е најавено дека Македонија и Србија се државите кај кои може да се очекува најголем економски раст во регионот.

- Ме радува фактот што сме важни партнери и што во првите три месеци од годината има подобрување на надворешнотрговската размена, која имаше поголем пад минатата година поради економската криза. Во првите четири месеци извозот на Србија е зголемен за 18 отсто, за што придонесе стабилноста на динарот. Извозот на Србија сега многу добро расте и очекувам годинава извозот да се врати на ниво како пред кризата - изјави Динкиќ.
Најголеми српски извозници во Македонија се „US Steel“, „Свислион“, „Тетра Пак“ „Maxi“, „Гранд Инженеринг“, „Дијамант“, „Алфа плам“, „Хип-Петрохемија“, ЦТ Компјутерс„, „Рударски базен Колубара.

Најголемата инвестиција од Србија во Македонија е гринфлид вложување на компанијата „Бомекс“ во производство на магнезиумски цигли во износ од околу 15 милиони евра.

Од големите српски фирми свои претставништва во Македонија имаат „Здравје“, „Галеника“, „Хемофарм“, Јат“, Свислион“, “Делта М“.

Во последните неколку години српските инвестиции во Македонија изнесуваат околу 40 милиони долари,
додека не се регистрирани значајни инвестиции од Македонија во Србија, освен на ИТ компанијата „Сивус“ која во 2008 година во Ниш инвестира во развоен центар во областа на телекомуникациите и информатиката и производство и развој на софтвер.

## **Приказ на директни инвестиции од Србија во Македонија**

| ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ ОД СРБИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЗЕМЈА** | **2010** | **2009** | **2008** | **2007** | **2006** | **2005** | **2004** |
| | | | **Вкупно вложувања** | | | | |
| | **Во мил.евра** | | | | **Во евра** | | |
| Србија | -0,01 | 2,1 | 1,09 | 54,12 | 15,1744 | 5,1678 | 0,3763 |
| *ТОТАЛ РМ* | ***111,38*** | ***241*** | **412,54** | **505,98** | **344,7867** | **77,2131** | **260,6716** |